Институт за човекови права

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

СОДРЖИНА

ВОВЕД 3
УПРАВЕН ОДБОР НА ИЧП 4
СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА ИЧП 4
ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИЧП 4
ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ 5
ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 6
БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 7
ПРАВЕН ДИЈАЛОГ 8
ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2025 ГОДИНА 9
ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ – ГОДИШНА РАБОТНА ПРОГРАМА 2025 9
ИНИЦИЈАТИВА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА 11
МЛАДИТЕ ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА И ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО 12
ДЕВОЈКИ И МЛАДИ ЗАЕДНО ВО ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА 13
ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 15
УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ И КООРДИНАТИВНИ ТЕЛА 17

ВОВЕД

Институтот за човекови права е здружение на граѓани кое преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи. Своите определби ИЧП ги остварува преку континуирана едукација, анализа и истражување на состојбите, застапување и организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност.

Во текот на 2025 година, Институтот за човекови права продолжи со активно и посветено делување во насока на унапредување на човековите права и владеењето на правото, преку реализација на бројни активности, проекти и иницијативи. Особен фокус беше ставен на подобрување на пристапот до правда, обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните, како и развој на аналитички и истражувачки алатки базирани на податоци. Во текот на годината беа изработени и објавени релевантни извештаи, организирани конференции и јавни настани, како и објавени нови изданија на стручното списание „Правен дијалог“, со што Институтот продолжи да придонесува кон развојот на правната мисла и јавниот дијалог.

Дополнително, Институтот ја продолжи својата едукативна улога преку Академијата за човекови права, каде беа објавени нови онлајн курсеви за меѓународните механизми за заштита на човековите права, како и преку Платформата за човекови права која останува значаен ресурс за информирање и едукација на граѓаните. Воедно, преку спроведување на проекти насочени кон административна социјална правда, пристап до правда и заштита од дискриминација, Институтот придонесе кон зајакнување на институционалните капацитети и поддршка на ранливите категории граѓани.

И во 2025 година, стратешките приоритети и понатаму беа ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација, борба против корупција и учество во процесот на преговори за пристапување кон Европската Унија. Следењето на работата на Уставниот суд, Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Управниот суд како и други државни институции и понатаму беше во фокусот на работа на Институтот за човекови права.

Во рамките на своите стратешки определби и верувања ИЧП работи во неколку клучни сегменти:

- ги следи состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку набљудување и анализа на сите релевантни процеси во земјава;
- ја подига свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи;
- ги информира граѓаните за нивните права во случаи кои се однесуваат на дискриминација;
- иницира дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во РСМ, како во стручната така и во општата јавност.

Овој годишен извештај се однесува на работата на Институтот за човекови права во текот на 2025 година, при што се презентира целокупното дејствување преку реализација на активности во

рамки на проектите, обезбедување бесплатна правна помош, придонесот во развојот на правната наука преку списанието „Правен дијалог“, унапредувањето на едукацијата преку Академијата за човекови права, како и практичниот ангажман преку учество во работни групи и координативни тела на теми поврзани со човековите права и владеењето на правото.

УПРАВЕН ОДБОР НА ИЧП

Претседателка на Институтот за човекови права е Маргарита Цаца Николовска.

Управниот одбор е составен од 7 членови и тоа:

Маргарита Цаца Николовска – Претседателка на ИЧП
Агим Мифтари – Потпретседател на ИЧП
Вера Коцо – член
Вања Михајлова – член
Игор Спировски – член
Момир Маричиќ – член
Филип Медарски – член

СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА ИЧП

Советодавниот одбор на ИЧП се состои од следниве членови и тоа:

1. Маргарита Цаца Николовска
2. Агим Мифтари
3. Вера Коцо
4. Вања Михајлова
5. Мерсел Биљали
6. Милојка Калкашлиева
7. Константин Хаџи Лега
8. Ирена Цуцулоска
9. Македонско здружение на млади правници
10. Жарко Хаџи Зафиров
11. Татијана Темелкоска
12. Славица Димитриевска

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИЧП

Извршната канцеларија на ИЧП во 2025 година беше составена од 6 члена кои успешно ги реализираа предвидените активности од сите проекти во постојана комуникација со Управниот одбор. Покрај раководење и успешно менаџирање на проектите, зедоа активно учество во работни

групи и координативни тела, учество на конференции, дебати, фокус групи и слични настани во Република Северна Македонија и во странство.

Во 2025 година, Институтот за човекови права ја продолжи традицијата на соработка, поддршка и усовршување преку програмата за практикантство. Програмата за практикантство на Институтот за човекови права има за цел да ги запознае младите луѓе со неговата работа низ едукација, обуки и истражувања од областа на заштита и унапредување на човековите права и владеење на правото. Практикантите се здобиваат со нови знаења и со можност одблиску да се запознаат со работата на Институтот за во иднина тие да може да се борат за унапредување и почитување на човековите права. Во 2025 година, во работата на ИЧП беше вклучен 1 практикант кој даде активен придонес во секојдневните активности кои во наведениот период ги реализираше Институтот. Како дел од своите работни задачи, практикантот учествуваа во програмата за бесплатна правна помош, следеше јавни расправи пред Управниот суд и спроведе истражувања на теми поврзани со човекови права.

ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ

Успешно реализирани проекти – 4
Публикации – 3
Мониторинг извештаи – 4
Објавени курсеви на онлајн Академијата за човекови права на ИЧП – 2
Работилници, обуки и фокус групи – 7
Учество во работни групи за измена на закони – 3
Објавени трудови во Правен дијалог – 25
Конференции и настани – 3
Видеа – 1
Инфографици – 3
Објавени блогови на Платформата за човекови права - 1
Реакции – 19
Учества на настани надвор од РСМ – 4

ОНЛАЈН АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Концептот за создавање на онлајн Академијата за човекови права произлегува од визијата на Институтот за човекови права за едукација со цел унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи едукацијата е клучна за обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права, на Академијата се достапни бесплатни онлајн курсеви на различни теми кои ќе им помогнат на регистрираните корисници да ги збогатат своите знаења од областа на човековите права.

Академијата за човекови права е онлајн алатка која има за цел, на безбеден и едноставен начин, да ги едуцира своите корисници за различни проблематики од областа на човековите права. Секој курс кој е достапен на Академијата е поделен во одреден број на поглавја и лекции, по чие завршување корисникот одговара на прашања за да може да премине кон наредното поглавје. На овој начин корисниците освен што ќе се здобијат со одредени знаења, имаат шанса истите да ги проверат и утврдат преку прашања на крајот од секое поглавје.

Во 2025 година, ИЧП Академијата го продолжи својот трасиран пат во објавување на курсеви кои се однесуваат на заштита на човековите права и кои обработуваат теми кои се интересни и за кои во секое време постои потреба од едукација и дообјаснување на соодветната проблематика.

Во 2025 година, на ИЧП Академијата беа објавени следниве курсеви:

- **Меѓународни механизми за следење и известување на Советот на Европа**
- **Механизми за следење и известување на човековите права на Обединетите Нации**

Овие курсеви се наменет за сите лица кои сакаат да се едуцираат за механизмите за следење и известување (мониторинг) на Советот на Европа и Обединетите нации. Преку овие курсеви, посетителите ќе стекнат основни знаења за: улогата на мониторингот во рамките на овие две организации, генералната поставеност и структура на механизмите за мониторинг на Советот на Европа и Обединетите нации, начинот на функционирање на конкретните механизми за следење и известување, обврските на државите кои произлегуваат од конкретните механизми за следење и известување и улогата на невладините организации во овие процеси.

Курсевите се наменети за претставници на граѓански организации, како и за студенти, и сите заинтересирани кои сакаат да научат како функционираат меѓународните механизми за заштита на човековите права и како може да се користат во практиката.

ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Платформата за човекови права има сеопфатен пристап кон човекови права, односно содржи информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права. Платформата за човекови права е поделена во 6 сегменти кои содржат различен вид на информации кои му се од корист на посетителот на веб-страницата на Институтот за човекови права.

Првиот сегмент на Платформата е наречен **Човековите права и нивната заштита.** Во овој дел се достапни информации за тоа на кој начин може да се заштитат човековите права и каде може да се пријави нивно прекршување, кои се органите кои ги штитат човековите права на национално и на меѓународно ниво, релевантните закон и меѓународни документи.

Вториот сегмент се фокусира на **Пристапот заснован на човекови права,** односно што опфаќа тој, стандардите и принципите на кој е базиран, основните карактеристики кои се однесуваат на него како и вредностите кои ги додава тој во развојните концепти и процеси.

Онлајн обуките го сочинуваат третиот сегмент на Платформата за човекови права, односно тоа е листа на тела и платформи кои на посетителите на веб-страницата им овозможуваат да пристапат до разновидни обуки поврзани со човековите права.

Во рамки на Платформата за човекови права има и **квиз** насловен **„Колку ги познаваш твоите права?“.** Тој е наменет за сите оние сакаат да ги тестираат своите познавања од областа на човековите права.

Можеби еден од најважните сегменти на Платформата е **Блогот** кој има за цел да им даде простор на разни автори да го искажат своето мислење на актуелни теми поврзани со човековите права. Доколку сакате и вие да дадете свој придонес, ве поканuваме да ни го испратите вашиот текст на нашата е-адреса. Нашиот тим ќе го разгледа и со задоволство ќе го објави доколку соодветствува со насоките кои се објавени на нашата веб-страница.

Последниот сегмент на Платформата се **Документите** каде што може да се пронајдат мноштво на извештаи, прирачници и водичи кои ја тангираат состојбата со човековите права во Република Северна Македонија.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2025 година, Институтот за човекови права, како регистрирано здружение за давање на примарна правна помош, продолжи со давање на примарна правна помош на сите заинтересирани граѓани.

Согласно Законот за бесплатна правна помош, Институтот за човекови права како овластено здружение обезбедува примарна правна помош која се состои од:

- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство, и

- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Цел на програмата за бесплатна правна помош е да се обезбеди примарна правна помош за сите граѓани во Република Северна Македонија, да промовира еднаков пристап до правда за сите, без дискриминација, и првенствено да им помогне на маргинализираните групи граѓани, со цел да можат да ги осознаат правата што ги имаат, но и да даде одговор на кој начин можат да ги остварат тие права пред државните институции.

Практиката покажува дека продолжува позитивниот тренд од 2024 година, односно и во 2025 година се намалени прашањата што се однесуваат на опфатот на бесплатната правна помош и што претставува истата. Ова укажува на фактот дека граѓаните, во поголем дел, се запознаени со бесплатната правна помош и на кој начин можат да ја остварат, при што остануваат само прашањата во кои области таа може да се примени, како и прашањата што произлегуваат од секојдневните проблеми на граѓаните.

Во изминатиов период Институтот за човекови права овозможи примарна правна помош во повеќе од 60 случаи во кои е дадена општа правна информација или општ правен совет. Најголем дел од прашањата што беа упатени до ИЧП се однесуваа на остварувањето на социјалните права и тоа по однос на правата од здравствено и пензиско осигурување, остварување на старосна и инвалидска пензија, гарантирана минимална помош, помош и нега од друго лице, признавање на пензиски стаж и слично. Застапени беа и прашањата за заштита на слободите и правата пред Европскиот суд за човекови права.

Од анализата на останатите прашања кои беа упатени до Институтот за човекови права може да се забележи дека голем дел од нив се однесуваат на барања за општа правна информација и/или правен совет во спорови од имотно-правен карактер и тоа за физичка делба, утврдување сопственост, како и оспорување договори за купопродажба и за доживотна издршка. Оваа година се забележува пораст во однос на прашањата што се однесуваат на заштита на човековите слободи и права и на прашањата поврзани со поднесување жалба пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Општествената функција на списанието „Правен дијалог” е да отвора теми, дијалози и нови пристапи со цел развивање, унапредување и размена на сознанија од правната мисла помеѓу теоретичарите и практичарите од областа на владеење на правото и човековите права, а тие да станат подостапни за поширокатa научна и стручна јавност. За таа цел во списанието се објавуваат:

1. Научни трудови кои ќе ги рефлектираат теоретските аспекти на теми поврзани со човековите права и владеење на правото кои се однесуваат на Република Северна Македонија, но и општо на останатите држави во Европа и пошироко и
2. Научни трудови кои ќе се осврнат на анализа од практичен аспект на конкретни пресуди на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Во 2025 година, стручното списание „Правен дијалог" продолжи да биде објавувано во рамките на програмата „Пристап до правда за сите" финансирана од Европската Унија. Со цел промовирање на прашањата поврзани со еколошка правда и заштита на животната средина, авторите беа поттикнати да пишуваат на овие теми при што оваа секција за животна средина во 2025 година стана составен дел од списанието Правен дијалог.

Во 2025 година продолжи успешно да функционира истиот состав на Уредничкиот одбор на Правен дијалог којшто брои 5 члена и тоа:

- Манчо Митевски – Главен и одговорен уредник
- Весна Стефановска – Заменик на главниот и одговорен уредник
- Мерсел Биљали – член
- Славица Димитриевска – член
- Ангелина Станојоска – член

Целта на Уредничкиот одбор е во секое издание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области. И оваа година продолжува традицијата на објавување на трудови од студенти на мастер и докторски студии на теми поврзани со човековите права и владеење на правото со што се докажува и потврдува премисата дека списанието Правен дијалог станува препознатливо за младите студенти и истражувачи.

Во 2025 година беа објавени две изданија на списанието „Правен дијалог" и тоа број 31 во јуни и број 32 во декември. Овие две изданија, како и претходните ја продолжуваат традицијата на списанието да биде препознатливо по темите кои ги анализираат човековите права и владеењето на правото. Објавените трудови се напишани од актуелни и поранешни судии на Уставен суд и Врховен суд, професори, доценти, постдипломци, докторанди како и експерти од граѓанските организации. Во двете изданија на Правен дијалог беа објавени 25 трудови.

ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2025 ГОДИНА

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ – ГОДИШНА РАБОТНА ПРОГРАМА 2025

Донатор: Делегација на Европска Унија
Времетраење: 1 јануари 2025 – 31 декември 2025

Целта на програмата е подобрување на пристапот до правдата за сите, особено за ранливите и маргинализирани групи граѓани во Северна Македонија.

Во рамките на програмата се реализирани следниве специфични цели и тоа:

- → Да се олесни заштитата од дискриминација на маргинализираните групи на луѓе преку обезбедување бесплатна правна помош;
- → Подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права;
- → Да се подобри пристапот до правдата на граѓаните преку следење на релевантните институции со помош на анализа базирана на докази; и
- → Залагање за соодветно законодавство и политики во однос на заштитата на човековите права и владеењето на правото во согласност со правото на ЕУ.

Во 2025 година беа објавени два повика за доставување научни трудови за претстојните изданија на списанието „Правен дијалог“. Во јуни 2025 година го објавивме Правен дијалог бр. 31 во кое беа анализирани теми од меѓународна, уставна, граѓанска и кривична област. Во ова издание авторите пишуваа и за организираниот криминал и можностите за негово откривање и сузбивање на недозволената трговија со дрога и оружје и предизвиците од новата ЕУ директива за квалитетот на воздухот. Особено нè радува фактот што има сè повеќе автори кои пишуваат на теми поврзани со заштита и унапредување на човековите права на лицата со попреченост кои во никој случај не смеат да бидат заборавени и маргинализирани од општеството. Во декември 2025 година го објавивме Правен дијалог бр. 32 во кое се содржани трудови кои се однесуваа на анализа на практиката на Европскиот суд за човекови права, текстови за говорот на омраза, правата на притворените лица, дигитални човекови права, родова еднаквост, заштита на лични податоци, положбата на жртвите во кривичната постапка и многу повеќе. Содржината беше внимателно одбрана за да поттикне дијалог, размислување и нови истражувања во областа на правото и човековите права.

Во рамки на програмата и оваа година продолживме да ја следиме работата на Судскиот совет и на Управниот суд. Во 2025 година беа објавени два **полугодишни извештаи за работата на Судскиот совет на РСМ**. Првиот извештај го опфаќа периодот јануари-јули 2025 година, а вториот извештај го опфаќа периодот август-декември 2025 година. Преку објективно следење на неговата работа, Институтот за човекови права ги забележа предизвиците и напредокот во неговото работење, како и придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Дополнително, беше објавен и Годишен извештај за работата на Управниот суд при одлучување по предметите коишто се однесуваат на социјалните права за периодот јануари-декември 2025 година. Овој извештај ги сумира клучните наоди, согледувања и препораки кои произлегуваат од спроведениот мониторинг на јавните расправи и судските постапки поврзани со социјалните права. Извештајот има за цел не само да даде оценка на работата на судот, туку и да понуди конкретни насоки за понатамошно унапредување на пристапот до правда.

Во 2025, ИЧП спроведе **телефонска анкета** за да ја испита информираноста, искуствата и перцепциите на граѓаните во однос на **пристапот до правда**, како и клучните пречки и предизвици со кои се соочуваат при остварување на своите права пред државните институции. Резултатите од оваа анкета беа објавени и беше направена компаративна анализа со наодите истата анкета

спроведена во 2022 година. Таква компаративна анализа овозможува мерење на напредокот, идентификување на предизвици, евалуација на ефективноста на реформите и открива промени во перцепцијата и искуството на граѓаните.

Дополнително, во рамки на оваа програма, беа објавени и два курса на Академијата за човекови права: Курс за меѓународните механизми за следење и известување на Советот на Европа и Курс за механизмите за следење и известување на човековите права на Обединетите Нации.

Во декември 2025 година, заедно со Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН, беше организирана конференција на тема пристап до правда. Целта на конференцијата беше да се поттикне структурирана и инклузивна дискусија меѓу граѓанското општество, судството и извршната власт за пречките, добрите практики и применливите решенија со кои ќе се унапреди правичен, ефективен и недискриминаторски пристап до правда за сите, особено за маргинализираните групи, во согласност со препораките на механизмите на ОН и Европската унија. На конференцијата присуствуваа претставници на националните институции, основни судови, Управен суд, Јавно обвинителство, Собрание, Народен правобранител, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Судски совет на РСМ, Академија за судии и јавни обвинители, Граѓански организации, вклучително и локални организации, организации кои работат со Роми, лица со попреченост, жртви на насилство и други.

Визуелизации:
Анкета на тема пристап до правда во Северна Македонија
Тековни предизвици на Судскиот Совет на РСМ

ИНИЦИЈАТИВА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА

Донатор: Делегација на Европска Унија
Времетраење: 1 јануари 2025 – 31 декември 2026

Целта на проектот е подобрување на пристапот до административна социјална правда за маргинализираните и ранливите групи преку јакнење на институционалните капацитети и граѓанските организации.

Специфични цели во рамките на проектот се:

- → Да се поддржи прибирањето на податоци засновано на докази со цел овозможување на подобри политики кои ги штитат социјалните права во административните постапки за маргинализираните граѓани;
- → Да се охрабрат маргинализираните заедници да застапуваат за своите социјални права во рамките на административните процеси;
- → Да се зголеми знаењето меѓу различните засегнати страни за меѓународните стандарди во областа на административните постапки за постигнување социјална правда.

Во јуни 2025 година беше одржан Првиот состанок на Националното координативно тело за административна социјална правда (НКТАСП) на кој беа разменети искуства и најдобри практики во областа на административната социјална правда, се дискутираше за предизвиците и можностите за подобрување на заштитата на социјалните права и членовите на НКТАСП дадоа препораки за унапредување на политиките и практиките во административните процедури. По одржување на состанокот, беше објавен и Извештајот од првиот состанок на Националното координативно тело за административна социјална правда.

Во ноември 2025 година беше одржан Вториот состанок на Националното координативно тело за административна социјална правда на кој се дискутираше за потребата од воедначување на управната и судската практика, за мериторното одлучување на Управниот суд и други прашања кои ја засегаат управната постапка пред органите и постапката по поведен управен спор пред Управен суд. По одржување на состанокот, беше објавен и Извештајот од вториот состанок на Националното координативно тело за административна социјална правда.

Беше објавено и видео во кое се содржани информации за правата кои граѓаните можат да ги остварат во управна постапка и како истите да ги заштитат како и потенцирање на фактот дека информираноста е првиот чекор кон заштита на вашите права.

Во подготовка се и Анализата на пристапот до административна социјална правда во Република Северна Македонија и Водичот за остварување на социјални права во управни постапки, кои ќе бидат објавени во 2026 година.

МЛАДИТЕ ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА И ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

Донатор: Проект „Борба против омразата и нетолеранцијата“, дел од заедничката програма на ЕУ и Совет на Европа, „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“

Времетраење: 1 април 2025 – 31 мај 2026

Целта на проектот е да се поттикне побезбедна и поинклузивна образовна средина преку промовирање на проактивна употреба на двата прирачници меѓу наставниците, родителите и учениците, со што ќе се намалат инцидентите на врсничко насилство и говор на омраза.

Специфични цели во рамките на проектот се:

- → Подигање на свеста кај учениците, родителите и наставниците за формите, причините и влијанијата на насилството меѓу учениците и говорот на омраза. Ова вклучува разбирање на физичките, емоционалните и социјалните ефекти од овие однесувања и нивниот потенцијал да ја нарушат средината за учење и долгорочната благосостојба на учениците.
- → Стекнување на наставниците со вештини и знаења за идентификување на раните предупредувачки знаци на насилство и говор на омраза, спроведување стратегии за превенција и ефикасно реагирање на инциденти во училишната средина. Овој резултат,

исто така, вклучува поддршка на наставниците во воспоставувањето јасни кодекси на однесување и механизми за решавање на конфликти.

→ Оспособување на родителите да ги препознаат знаците на виктимизација или агресивно однесување кај своите деца, да ги разберат факторите што придонесуваат за таквото однесување и соодветно да реагираат.

Во 2025 беа одржани обуки и работилници во четири основни училишта и тоа:

- ООУ „Лазо Ангеловски“ Скопје
- ООУ „Љубен Лапе“ Скопје,
- ООУ „Блаже Конески“ Скопје,
- ООУ „Браќа Миладиновци“ Скопје,
- ООУ „Гоце Делчев“ Штип.

Во секое од училиштата беше одржана обука со ученици од осмо и деветто одделение на тема превенција, препознавање и санкционирање на говор на омраза и врсничкото насилство. Јавните обвинителки во своите излагања се осврнаа на правата, но и на обврските и одговорностите на децата согласно Законот за правда на децата, додека пак психологот посвети внимание на препознавањето на говорот на омраза и врсничкото насилство и нивното влијание врз менталното здравје. Учениците беа вклучени во дискусијата со цел да изнесат свои размислувања и погледи за штетните последици.

Дополнително, беше одржана и работилница со родители, наставен и стручен кадар, на која се дискутираше за мерките коишто треба да се преземат и како да се работи со децата за да се превенира говорот на омраза и врсничкото насилство.

Со обуките и работилниците беа опфатени над 300 ученици, 66 родители и 100 наставници и стручен кадар.

Беше изготвен *Прирачник за наставници за примена на мерки на заштита за деца и ученици од насилство вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза* и *Прирачник за родители за препознавање и реагирање во случај на насилство врз деца вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза*. Прирачниците беа изготвени од психологот и јавните обвинителки кои ги спроведуваат обуките и работилниците. Овие прирачници ќе бидат објавени во 2026 година.

ДЕВОЈКИ И МЛАДИ ЗАЕДНО ВО ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Донатор: Европската Унија преку програмата Еразмус+

Времетраење: 1 октомври 2025 – 31 јануари 2027

Овој проект го спроведува Хекима (Словачка), во партнерство со Институтот за човекови права.

Целта на проектот е да се оспособат младите луѓе, особено девојките, Ромската младина и младите од маргинализирани етнички заедници, со вештини, самодоверба и алатки за да станат носители на позитивни промени водени од вредности, способни да ги обликуваат своите заедници, да ги бранат човековите права и да промовираат демократија, еднаквост и социјална правда.

Специфичните цели на проектот се:

→ Да се поттикне развојот на критични граѓански компетенции кај младите, вклучувајќи етичко донесување одлуки, колаборативно лидерство и способност за справување со општествени предизвици преку проекти за општествена промена, со што се зајакнува граѓанскиот ангажман и европските вредности.

→ Да се поддржат девојките, особено оние од маргинализирани заедници, да ги откријат своите лични вредности, да изградат самодоверба и да развијат лидерски вештини за застапување на родова еднаквост, човекови права и инклузија, при што се охрабрува родовото помирување и се поттикнува колаборативно лидерство помеѓу младите жени и мажи.

→ Да се развијат и пилотираат иновативни образовни алатки - дневник за создавање промени, друштвена игра „Патеки до создавање промени“ и серија граѓански предизвици.

→ Да се зајакнат капацитетите на младинските работници и едукаторите за поттикнување граѓански компетенции, етичко лидерство и колаборативно создавање промени, преку научно засновани и партиципативни методи адаптирани и за формално и за неформално образование.

→ Да се генерираат препораки за јавни политики водени од младите, врз основа на нивните искуства од процесите на создавање промени, со цел нивните решенија и увиди да влијаат врз идните политики за млади, родова еднаквост и инклузија на локално, национално и европско ниво.

Во 2025 година, Институтот за човекови права со задоволство ја започна новата меѓународна соработка со партнерската организација Хекима од Словачка. Во ноември, нашите претставници учествуваа на почетен партнерски состанок во Братислава, каде што беше официјално означен стартот на проект.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следниве активности:

- Развој на Дневник за создавање промени,
- Развој на друштвена игра „Патеки до создавање промени“,
- Обука за едукатори и младински работници (Оспособување на едукаторите за поттикнување на младите да се вклучат во процесите на создавање промени во Словачка и Северна Македонија),
- Директно вклучување на младите преку алатки за создавање промени во Словачка и Северна Македонија,
- Хакатон за создавање промени во Словачка и Северна Македонија, и

- Серија граѓански предизвици во Словачка и Северна Македонија.

ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

➢ Учество на меѓународен настан за делиберативна демократија

Во март 2025 година, претставничката на Институтот за човекови права, Марија Чекреџи, учествуваше на обуката насловена „Citizens' Assemblies – How to Start?" организирана од Советот на Европа и Федерацијата за иновации во демократијата – Европа (FIDE) во Стразбур. Работилницата обедини околу 30 учесници од граѓански организации и јавни институции од 11 држави, со цел зајакнување на знаењата и практичните вештини за примена на механизмите на делиберативна демократија. Во рамки на настанот, учесниците се запознаа со концептот на граѓанските собранија како алатка за активно вклучување на граѓаните во процесите на креирање политики, преку обезбедување информирано, инклузивно и структурирано учество во донесувањето одлуки. Особено значаен сегмент беше практичната работа, при што учесниците развиваа идеи и почетни планови за имплементација на вакви механизми во сопствените земји, на теми како антикорупција, животна средина, јавни политики и општествена кохезија. Со учеството на вакви настани, Институтот за човекови права продолжува да ги зајакнува своите капацитети и да придонесува кон развој на иновативни модели на граѓанско учество и демократско управување.

➢ Учество на меѓународен дијалог за транзициска правда и помирување

Во април 2025 година, претставничката на Институтот за човекови права, Марија Чекреџи, учествуваше на регионалната конференција „Транзициска правда и помирување во Западен Балкан", која се одржа во Брисел во организација на УНДП и со поддршка од Европската Унија, во рамки на регионалниот проектот „EU Support to Confidence Building in the Western Balkans". Настанот обедини претставници на граѓански организации, институции и меѓународни организации од земјите од Западен Балкан, со цел да се отвори продлабочена дискусија за состојбите, предизвиците и можните насоки за унапредување на транзициската правда, помирувањето и граѓанското учество во регионот. Во рамки на сесијата посветена на согледувањата, прашањата и перспективите на граѓанското општество, Марија Чекреџи учествуваше како говорничка заедно со претставници на организации од Сараево, Приштина, Подгорица и Белград, придонесувајќи кон регионалната размена на искуства и ставови за улогата на граѓанскиот сектор во овие процеси.

Дополнително, Марија Чекреџи учествуваше и на состанокот меѓу партнерските граѓански организации, Европската Унија и УНДП, посветен на напредокот, научените лекции и предизвиците во спроведувањето на грантовите во рамки на регионалниот проект „EU Support to Confidence Building in the Western Balkans". Дискусијата беше насочена кон размена на добри

практики, согледување на тековните предизвици во областа на транзициската правда и помирувањето во Западен Балкан, како и кон изнаоѓање идеи за поефикасни и поодржливи интервенции на граѓанското општество, Европската Унија, УНДП и меѓународните организации. Со учеството на овие настани, Институтот за човекови права ја потврди својата активна улога во регионалните процеси на дијалог, соработка и размена на знаења во области поврзани со човековите права, владеењето на правото, транзициската правда и помирувањето.

➢ Учество на Форум за дигитално граѓанско образование

Во мај 2025 година, претставничката на Институтот за човекови права, Кристина Дода, учествуваше како говорничка на Форумот за дигитално граѓанско образование „Digital Citizenship Education Forum: Let's Act Now!", организиран од Советот на Европа во Стразбур, во рамки на Европската година на дигитално граѓанско образование 2025. Форумот обедини бројни експерти, претставници на институции, граѓански организации и академската заедница со цел да се поттикне размена на знаења и искуства и да се зајакне улогата на дигиталното граѓанско образование во современите демократии.

Кристина Дода учествуваше како говорничка во рамки на тематската сесија посветена на справување со актуелните предизвици во дигиталната средина, со посебен фокус на сајбер-насилството и онлајн вознемирувањето. Во дискусијата беа разменети искуства и добри практики од различни земји, при што беше истакната потребата од интегриран пристап кој ги вклучува образовните институции, родителите, граѓанските организации и креаторите на политики. Форумот обезбеди платформа за идентификување на иновативни решенија и зајакнување на меѓусекторската соработка, со цел градење на поинклузивна, безбедна и одговорна дигитална средина. Со учеството на овој настан, Институтот за човекови права ја зајакна својата улога во унапредување на политиките и практиките поврзани со дигиталните права, образованието и заштитата на човековите права во дигиталниот простор.

➢ Учество на меѓународна работилница за интерсекционалност и социо-економски права

Во јуни 2025 година, претставничката на Институтот за човекови права, Кристина Дода, учествуваше на меѓународната работилница „Intersectional Perspectives on the Socio-Economic Participation of Minorities", организирана од Европскиот центар за прашања на малцинствата (ECMI) во Фленсбург, Германија. Настанот беше дел од серијата работилници посветени на еднаквост и инклузија, со фокус на истражување на причините и влијанијата на социо-економските нееднаквости врз малцинските заедници, како и на ефикасноста на политиките за нивна инклузија. Работилницата обедини истражувачи, експерти и практичари од различни земји, овозможувајќи размена на знаења и компаративни искуства во однос на пристапот до образование, пазар на труд и јавни услуги за ранливите групи.

Во рамки на првиот панел посветен на правните аспекти на социо-економските права од интерсекциска перспектива, Кристина Дода учествуваше како учесник со презентација на тема „Intersectionality in Anti-Discrimination Law and its Impact on Minorities: Legal Recognition vs. Practical

Implementation in North Macedonia“. Во своето излагање таа се осврна на предизвиците поврзани со практичната примена на анти-дискриминациското законодавство, особено во контекст на повеќекратна дискриминација и маргинализација на одредени групи. Дискусијата придонесе кон продлабочување на разбирањето за потребата од интегрирани и интерсекциски пристапи во креирањето и имплементацијата на политики, со цел обезбедување еднаков пристап до социо-економски права и унапредување на положбата на малцинствата.

УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ И КООРДИНАТИВНИ ТЕЛА

- Активно учество во работни групи за унапредување на законодавството во правосудството

Во текот на 2025 година, Јелена Кадриќ активно учествуваше во повеќе работни групи формирани од страна на Министерството за правда, насочени кон подготовка на измени и дополнувања на клучни закони од областа на правосудството. Во периодот од ноември 2024 до јули 2025 година, фокусот беше ставен на изработка на измените на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Потоа, од јули 2025 година до крајот на годината, активно се работеше на подготовка на измените на Законот за судовите, додека во текот на октомври, ноември и декември 2025 година, во релативно краток временски период, беа изработени и измените на Законот за судски буџет.

Со учеството во овие работни групи беше даден значаен придонес кон унапредување на законските решенија, пред сè преку инкорпорирање на препораките од Оценската мисија на Европската Унија од 2023 година. Истовремено, предложените измени се усогласени со стратешките документи, вклучително Развојната стратегија за правосудството и Акцискиот план, како и со Реформската агенда на Владата на Република Северна Македонија. Во процесот на изработка на законите, особено беа земени предвид меѓународните стандарди за независност и одговорност на судството, како и практичните сознанија и наоди добиени преку континуираниот мониторинг на работата на Судскиот совет, што овозможи адресирање не само на нормативните слабости, туку и на предизвиците во нивната практична примена.

Законот за Судскиот совет беше усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонија на крајот на декември 2025 година. Измените на Законот за судовите се сè уште во фаза на подготовка и се очекува нивното финализирање до април 2026 година, додека измените на Законот за судски буџет се веќе подготвени, но се наоѓаат во тековна владина процедура, односно во рамки на Министерството за правда.

- Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството

Блупринт групата за реформи во правосудството претставува неформална мрежа на граѓански организации кои континуирано делуваат во областа на правосудството, со цел следење и унапредување на реформските процеси. Претставничка на Институтот за човекови права во

Блупринт групата е Јелена Кадриќ, која и во текот на 2025 година активно учествуваше во работата на групата, придонесувајќи кон анализата на состојбите и следењето на реформите во правосудниот систем.

Во рамки на своето делување во 2025 година, Институтот за човекови права, заедно со партнерските организации – Институтот за европска политика, Коалицијата за правично судење, Македонското здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи и Хелсиншкиот комитет за човекови права – продолжи со подготовка на јавни реакции по повод актуелните состојби во правосудството. Особено се издвојува фактот дека во текот на оваа година беа објавени значителен број реакции, со кои се адресираа клучни прашања поврзани со независноста, транспарентноста и ефикасноста на правосудните институции, придонесувајќи кон поттикнување на јавната дебата и унапредување на реформските процеси во согласност со европските стандарди.

Реакции и извештаи:

- Реакција на измените на КЗ кои создаваат правна несигурност и ризик од институционална конфузија во преоден период
- Реакција во врска со предлагањето на нов член на Судскиот совет од редот на „истакнати правници“ по старите критериуми
- Реакција во врска со повторното активирање на постапката за разрешување на државниот јавен обвинител
- Кој е системот?
- Извештај за постапка за избор на кандидати за избор на судија во ЕСЧП
- Реакција на реакцијата на Судскиот совет, Врховниот суд и Здружението на судии
- Блупринт групата за реформи во правосудството ќе ја следи судската постапка поврзана со трагичниот пожар во импровизираната дискотека „Пулс“ во Кочани
- Изјава во поддршка за семејствата на трагично загинатите од пожарот во Кочани
- Реакција на владината одлука за поништување на листата на кандидати за судија во ЕСЧП
- Реакција на укинувањето на стручните критериуми за назначување на директор на Бирото за јавна безбедност
- Реакција на изборот на ВД претседател на Основниот Кривичен суд Скопје од страна на Судскиот совет
- Реакција на одлуката на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители

➢ Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Институтот за човекови права е член на Платформата која цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење. Платформата ги поврзува граѓанските организации и е отворено место за соработка, вмрежување и демократска дебата со цел зајакнување на улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Република Северна Македонија. Во 2025 година, Платформата подготви соопштенија кои тангираа различни теми поврзани со антикорупција, правосудство и

човекови права. Беа подготвени и објавени соопштенија поврзани со измените на КЗ кои создаваат правна несигурност и ризик од институционална конфузија во преоден период, барање за итно донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи како клучен чекор против корупцијата и нетранспарентноста на процесот на преговарање и договарање на т.н. договори Влада со Влада како и беа упатени барања до надлежните институции со цел да се прекине праксата на неказнивост, селективна правда и формално исполнување на обврски. Во периодот меѓу 20 и 21 ноември 2025 година беше одржано Собранието на Платформата на кое како учесник од ИЧП учествуваше Весна Стефановска. Во рамките на Собранието беше одржана работилница на која беа дискутирани резолуциите од областа на антикорупцијата, додека пак на самото Собрание се дискутираше за работата на Платформата и за идните чекори кои треба да се преземат во рамките на нејзиното функционирање. Во рамки на Собранието беше отворена и дебата за следните чекори на Платформата, при што беа разгледани и проектните активности на организациите членки. Вториот ден од настанот беше посветен на тематска работилница за граѓански организации, со фокус на практичната примена на податоци и регистри во борбата против корупцијата. Во рамки на работилницата беа презентирани наоди од анализи поврзани со користењето на податоците од Регистарот на вистински сопственици, како и со предизвиците во пријавувањето на имотната состојба и интересите на јавните функционери.

Соопштенија:

- Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата и Блупринт групата за реформи во правосудството реагираат на измените на КЗ кои создаваат правна несигурност и ризик од институционална конфузија во преоден период
- Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара итно донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи, како клучен чекор против корупцијата
- Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара итно донесување на Предлогот на Закон за заштита на укажувачи, како клучен чекор против корупцијата
- Реакција на Платформата на нетранспарентноста на процесот на преговарање и договарање на т.н. договори Влада со Влада
- Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата реагира на препораките на ДКСК дадени во Извештајот од спроведена антикорупциска проверка на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати барања до надлежните институции кои ќе овозможат да се прекине праксата на неказнивост, селективна правда и формално исполнување на обврски
- Реакција на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата на изнесените ставови на пратеникот Бојан Стојаноски

➢ Национално координативно тело за бесплатна правна помош

Во 2025 година, Националното координативно тело ги одржа редовните состаноци на кои беа дискутирани предизвиците поврзани со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош,

и тековните проблеми со кои се соочуваат граѓанските организации и подрачните одделенија на Министерството за правда како даватели на примарна правна помош. Состаноците во рамките на Националното координативно тело за бесплатна правна помош беа организирани со поддршка на Советот на Европа во рамките на Проектот за „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија“, којшто е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II“, заеднички проект на ЕУ и Совет на Европа кој го спроведува Советот на Европа. Институтот за човекови права преку своите претставници ги сподели предизвиците со обезбедување на примарна правна помош.

- Членство во Управен одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија реализиран од Совет на Европа и Европска Унија

Институтот за човекови права е дел од Управниот одбор на „Борба против омраза и нетолеранција во Северна Македонија“, проект на Совет на Европа и Европската Унија. Целта на проектот е да се зајакне капацитетот на националните и локални чинители подобро да ги адресираат прашањата поврзани со анти-дискриминација, борба против говор на омраза и заштита на правата на ЛГБТИ лицата во согласност со стандардите и препораките поставени од Совет на Европа. Главна цел на Управниот одбор е да ја следи имплементацијата на проектот како и да дава насоки за спроведување на активностите. Претставници од Институтот за човекови права присуствуваа на состаноците на Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија кои беа одржани во 2025 година.

- Членство во Советодавната група за проектот „Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD3)“

Институтот за човекови права е дел од Советодавната група за проектот „Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD3)“, финансирана од Европската Унија, а спроведувана од УНДП. Основна цел на ReLOaD3 програмата е јакнење на партнерствата меѓу општинските власти и граѓанското општество преку создавање на поповолна средина за граѓанските организации, со поддршка на транспарентно јавно финансирање, поттикнувачка правна рамка, како и зголемено граѓанско учество во креирањето, спроведувањето и следењето на јавните политики. ReLOaD3 ќе се спроведува во 5 општини: Аеродром, Берово, Кавадарци, Центар и Штип.

Активниот ангажман на тимот на Институтот за човекови права во текот на 2025 година, преку учество на бројни меѓународни конференции, стручни обуки и регионални дијалози, дополнително ја потврди улогата на организацијата како релевантен чинител во градењето на демократското општество. Со своето континуирано присуство и придонес во дебатите за делиберативна демократија, транзициска правда и дигитално граѓанство, вработените не само што ги зајакнаа сопствените капацитети, туку директно придонесоа кон исполнувањето на стратешките цели за промоција и унапредување на човековите права на национално и меѓународно ниво. Особено значаен останува придонесот во рамки на работните групи и координативните тела, каде преку стручна анализа и активно набљудување, Институтот останува цврсто посветен на следење на

состојбите во правосудството и застапување за суштински реформи во насока на владеење на правото и правната сигурност. Овие активности ја заокружуваат успешната година на ИЧП, поставувајќи основа за понатамошно влијание врз јавните политики и заштитата на правата на сите граѓани.